**20242684637**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/16 и 164/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/19 и 116/21), во член 2 по ставот (1) се додаваат два нови ставови (2) и (3), кои гласат:

„(2) Членовите на Советот од редот на организациите ги информираат, консултираат и вклучуваат засегнатите страни во областа што ја претставуваат за работата и заклучоците на Советот и подготвуваат годишен извештај за спроведување на планот за координација и комуникација со организациите во областа што ја претставуваат.

(3) Советот работи и одлучува на седници кои се одржуваат најмалку еднаш на секои три месеци.“

Ставот (2) кој станува став (4) се менува и гласи:

„Начинот на работа на Советот, подготовката и свикувањето на седниците, текот на седниците, работните групи, јавноста во работењето, начинот на информирање, консултирање и вклучување на засегнатите страни, како и други прашања од надлежност на Советот се уредуваат со деловник за работа, кој го донесува Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.“

Член 2

Во член 3 ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(1) Советот е составен од 27 членови и заменици членови кои ги назначува Владата.

(2) 13 членови на Советот и заменици членови, Владата ги назначува од редот на вработените во органите на државната управа, на работно место од категорија Б – раководни административни службеници, согласно Законот за административни службеници, со најмалку три години искуство во соодветната област и познавање на граѓанското општество, на предлог од:

- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за правда;
- Министерството за односи меѓу заедниците;
- Министерството за европски прашања;
- Министерството за финансии;
- Министерството за економија и труд;
- Министерството за здравство;
- Министерството за образование и наука;
- Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- Министерството за локална самоуправа;

- Министерството за култура и туризам;
- Министерството за дигитална трансформација и
- Министерството за животна средина и просторно планирање.

(3) 14 членови на Советот и заменици членови, Владата ги назначува на предлог на организациите регистрирани, согласно Законот за здруженија и фондации (во натамошниот текст: организациите), преку јавен оглас, од следните области:

- развој на граѓанското општество;
- владеење на правото и борба против корупцијата;
- демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење;
- ЕУ интеграции и политики;
- економски и одржлив развој;
- образование и младинско учество;
- социјална заштита и заштита на деца;
- заштита на маргинализираните лица;
- родова еднаквост;
- заштита на здравјето;
- земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој;
- култура;
- медиуми и информатичко општество и
- заштита на животната средина.“

Член 3

Во член 5 во ставот (1) по зборот „член“ се додаваат зборовите „и заменик член“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„Кандидатите за член и заменик член може да се од иста или од различна организација, под услов да се предложени во една пријава и организациите да ги исполнуваат условите од став (1) на овој член.“

Во ставот (2) кој станува став (3) во воведната реченица по зборот „членови“ се додаваат зборовите „и заменици членови“.

Член 4

Во член 6 во ставот (1) по зборот „членови“ се додаваат зборовите „и заменици членови“, а зборовите „ во средствата за јавно информирање и“ се бришат.

Во ставот (2) по зборот „членови“ се додаваат зборовите „и заменици членови“.

Во ставот (3) во воведната реченица по зборот „членови“ се додаваат зборовите „и заменици членови“.

Во алинејата 6  зборот „кандидатот“ се заменува со зборот „кандидатите“.

Во алинејата 7 зборот „кандидатот“ се заменува со  зборот „кандидатите“, а зборот „предлага“ се заменува со зборот „предлагаат“.

Член 5

Во член 7 во ставот (2) зборот „областа“ се заменува со зборовите „секоја од областите“.

Во ставот (3) зборовите „го доставуваат својот глас само за еден кандидат во областа во која дејствува организацијата“ се заменуваат со зборовите „ги доставуваат своите гласови за кандидатите“.

Во ставот (4) зборовите „само еден кандидат во една област“ се заменуваат со зборовите „еден кандидат во секоја од областите во кои дејствува организацијата“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Гласањето се смета за успешно ако за кандидатот гласале најмалку пет организации.“

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (6), (7), (8), (9) и (10).

Член 6

Во член 9 став (1) во алинејата 2 по зборот „отсуство“ се додаваат зборовите „на членот и заменик членот“.

Во ставот (3) по зборовите „овој член,“ се додаваат зборовите „а нема заменик член,“.

Член 7

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

Доколку Советот не одржи седница во текот на една година, Владата може да го распушти Советот на барање на мнозинството членови на Советот, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број членови од редот на организациите.“

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6192/9
24 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.